Врз основа на член 30 од Правилникот за начинот и условите на користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,

**Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип распишува интерен**

# К О Н К У Р С

## за распределба на парични средства за финансирање на научноистражувачки проекти

1. Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип од Фондот за научноистражувачка работа распределува парични средства за:

**А) Финансирање на 10 (десет) научноистражувачки проекти**

Висината на одобрените финансиски средства за финансирање на научноистражувачки проект не може да изнесува повеќе од 200.000 денари годишно, а времето за финансирање на проектот е 2 (две) години, со можност под одредени услови предвидени со Правилникот за продолжување за уште 1 (една) година.

Доколку во научноистражувачки проект се користи лабораторија се одобруваат дополнителни финансиски средства, кои не може да изнесуваат повеќе од 100.000 денари за целиот научноистражувачки проект и истите се користат наменски за хемикалии или ситен лабораториски инвентар.

Годишниот буџет на научноистражувачки проект се распоредува според соодветни преддефинирани ставки според кои се трошат одобрените финансиски средства.

Предложениот проект не смее да користи средства од други извори на финансирање.

Раководителот на проектот доставува изјава со која потврдува дека предложениот проект не користи средства од други извори на финансирање.

**Б. Финансирање на 5 (пет) научноистражувачки проекти со студенти**

Научноистражувачкиот работник може да биде раководител на научноистражувачки проект, со истражувачки тим составен само од студенти на прв, втор и трет циклус студии.

Во студентскиот истражувачки тим може да биде вклучен и 1 (еден) студент од друга истражувачка единица надвор од Универзитетот (од друг универзитет во РМ или во странство).

Висината на одобрените финансиски средства за финансирање на научноистражувачкиот проект со истражувачки тим составен само од студенти не може да изнесува повеќе од 200.000 денари годишно, а времето на финансирање на проектот е за 1 (една) година.

За позитивно завршен научноистражувачки проект од оваа точка, кој е финансиран од Фондот за научноистражувачка работа, ќе се смета само оној проект за чиешто времетраење ќе биде објавена најмалку една публикација во меѓународно списание.

2. Конкурсот е интерен и се објавува на веб-страницата на Универзитетот.
3. За користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа корисниците на средствата (научноистражувачките работници) склучуваат договор со Универзитетот. Со договорот се утврдува начинот на користење на средствата од Фондот за научноистражувачка работа и начинот на презентација на научните резултати како основен елемент за оправдување на искористените средства.

4. Вработените научноистражувачки работници, надворешни научноистражувачки работници и студенти (редовни и вонредни професори, доценти, доктори на науки, истражувачи и студенти) имаат право на користење на средствата од Фондот за научноистражувачка работа под услови и на начин определени со Правилникот.

   Апликации за финансирање на научноистражувачки проект до Фондот за научноистражувачка работа на Универзитетот можат да поднесат само научноистражувачки работници кои го исполнуваат условот за раководител на научноистражувачки проект.

   Раководител на научноистражувачки проект може да биде само научноистражувачки работник кој е вработен на Универзитетот, со звање редовен или вонреден професор и кој во последните пет години има објавено како автор или коавтор најмалку три научни публикации во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index).

   Научноистражувачки работник може да биде раководител само на еден научноистражувачки проект и учесник на само уште еден проект.

5. Научноистражувачки проект може да се поднесува од сите научни полиња и области кои се застапени во рамките на научноистражувачкиот процес на Универзитетот.
   Научноистражувачкиот проект треба да ги исполнува следниве критериуми:
   - релевантност на проектот во однос на утврдените цели;
   - оригиналност на целите и содржината на истражувањето;
   - веројатност во постигнување на очекуваните резултати;
   - компетентност на главниот истражувач и предложениот истражувачки тим;
   - вклученост и оспособување на млади научноистражувачки кадри;
   - веројатност за реална примена на резултатите во практиката;
   - исполнетост на материјално-техничките и други инфраструктурни услови за реализација на проектот;
   - реалност на планираното време за реализација на проектот и
   - реалност на финансиските средства за реализација на проектот.

Поднесувањето на научноистражувачки проект до Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа се доставува на посебни формулари кои се составен дел на овој Правилник.

Во научноистражувачкиот проект основни елементи се:

- наслов на проектот;
- главен истражувач и истражувачки тим на проектот;
- научно подрачје, поле и област на проектот;
- вид на истражувањето (фундаментално, развојно, применето);
- други институции – учесници во истражувањето;
- траење;
- цена на чинење на проектот;
- одлука од наставно-научниот совет на соодветната единица/факултет на Универзитетот за прифаќање на научноистражувачкиот проект.

6. Бројот на научноистражувачките работници кои се составен дел на истражувачкиот тим на проектот не може да биде помал од 5 (пет), заедно со раководителот на проектот, од кои 1 (еден) или 2 (двајца) се со звање вонреден професор или доцент, 1 (еден) или 2 (двајца) со звање соработник и еден студент од студентите запишани на втор или трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

   Во истражувачкиот тим можат да бидат вклучени и научноистражувачки работници од други истражувачки единици надвор од Универзитетот (од друг универзитет во Република Македонија или од странство), при што нивниот број не може да биде поголем од 2 (двајца) истражувачи (за проектите од точка А).
7. Научноистражувачки проект ќе биде финансиран само доколку содржински не е идентичен со некој минат или тековен научноистражувачки проект.

   Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа на Универзитетот ќе го прифати за финансирање секој научен проект во тековниот Конкурс за кој позитивно се има изјаснето наставно-научниот совет на соодветната единица/факултет на Универзитетот.
8. Носителот на научноистражувачки проект конкурира за добивање средства за реализација на проектот со пополнување на пријава на македонски и на англиски јазик која ќе биде потпишана и заверена од раководителот носител на проектот, како и од останатите учесници и институции во проектот.
9. Крајниот рок за поднесување на пријавите е до 15.12.2016 година.

   Пријавите што нема да бидат доставени во предвидениот рок, некомплетните пријави, пријавите што не се усогласени со условите предвидени со овој Конкурс нема да бидат земени предвид во постапката за нивно оценување и прифаќање.

Управен одбор на
Фонд за научноистражувачка работа
при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Претседател,
проф. д-р Блажо Боев, ректор